## КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ - ПИТУ, ВРЕМЕ - ЖИВОТ - ДЕЛО (1915 - 1944)

(Прилози од научниот собир одржан на 23 и 24 февруари во Прилеп). Институт за национална историја -Скопје, Друштво за наука и уметност - Прилеп, Скопје, 1995, 538.)

По повод 50-годишнината од загинувањето на големиот македонски револуционер и народен херој Кузман Јосифовски - Питу, во организација на Институтот за национална историја и Друштвото за наука и уметност од Прилеп, е одржан дводневен научен собир на тема "Кузман Јосифовски - Питу, време - живот - дело". Организаторите на научниот собир успеале само по една година од одржувањето на собирот да го издадат зборникот во кој се содржани поднесените прилози, соопштенија и сеќавања, но од технички причини дискусиите и репликите не се објавени.

На почетокот на зборикот поместени се поздравните говори на д-р Миле Михајлов, претседател на Организациониот одбор, Илија Димоски, претседател на Собранието на општина Прилеп и проф. д-р Димко Кокароски, ректор на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Воведниот реферат "Педесет години од загинувањето на Кузман Јосифвоски - Питу" на д-р Миле Михајлов ги прикажува најважните моменти од животниот пат на овој наш голем револуционер, наведувајќи дека периодот на Втората светска војна е период во кој кај Кузмана доаѓа до израз државничката далекувидост, аналитичност и остроумност при разглеудвањето на најсуштествените прашања за иднината на македонскиот народ во сите три дела на Македонија". На крајот, авторот истакнува некои прашања кои смета дека треба да бидат предмет на дискусија во текот на научниот собир: дали постои или не судир меѓу секретарот на ПК Методија Шаторов-Шарло и членот на ПК Кузман Јосифовски - Питу во 1940-1941 година; дали К. Ј. Питу уште во септември 1941 година го изложил концептот за формирање на КПМ во присуство на Борка Талески, Мирче Ацев, Цветан Димов и Цветко Узуновски; постоела ли недоверба кон работата на К. Ј.-Питу во Скопје по Преспанскиот состанок до неговото загинување од страна на Светозар Вукмановиќ-Темо и зошто, и на крајот прашањето за загинувањето на К. Ј. - Питу.

Понатаму во зборникот се содржани голем број прилози и сеќавања кои според темата која ја третираат би можеле да ги сумираме во неколку тематски области.

Научните прилози на акад. Данчо Зографски и Ристо Христов ги

прикажуваат економско-социјалните услови во Вардарскиот дел на Македонија и градот Прилеп, во периодот меѓу двете светски војни и нивното влијание врз изградбата на личноста и погледите на Кузман по однос на овие мошне важни проблеми во борбата на македонскиот народ против окупаторот, за остварување на своето национално ослободување и обединување.

Во зборникот се поместени повеќе прилози и соопштенија во кои се обработува животот и дејноста на Кузман Јосифовски - Питу во периодот меѓу двете светски војни, преку кои се презентираат податоци за школувањето на Кузман во Битолската гимназија (Ѓорѓи Димовски - Цолев), за активноста на Кузман Јосифовски во политичкиот живот на градот Прилеп во 1938-1940 година (д-р Орде Ивановски), д-р Павле Митрески се задржува на најзначајните моменти од политичкиот живот на К. Ј. како студент на Белградскиот универзитет, како и за улогата на К. Ј. во формирањето на студентската колонија во Охрид, која активно работела во летните месеци од 1938-1940 година. За дел од активноста на К. Ј. - Питу во развојот на младинското движење во Македонија, во годините на предвечерјето на Втората светска војна и во текот на НОБ, говори во својот прилог д-р Наде Јурукова.

За дејноста на Кузман Јосифовски - Питу во текот на НОВ свои прилози даваат повеќе учесници. Д-р Владо Ивановски во рефератот "Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ и Кузман Јосифовски -Питу" нѝ дава изворни податоци за ставовите на К. Ј. - Питу по однос на содржината на Манифестот, при што "во целина мошне позитивно се искажува за него", но "на нему својствен стил, изнесува забелешки за некои недостатоци на овој значаен документ", за да може на крајот да констатира дека "за успешна разврска, за недоразбирњата што настанаа меѓу членовите на АНОК и ГШ на НОВ и ПОМ, а кои се однесуваа пред сѐ околу компетенциите на ГШ да издава таков програмски документ,... неоценлива е заслугата и придонесот на К. Ј.-Питу". Анализа на Манфиестот на ГШ на НОВ и ПОМ и Приговорот на Манифестот, но од социолошки аспект, со нагласување на улогата на К. Ј. - Питу во него, прави и д-р Славко Милосавлевски. А активноста на К. Ј. - Питу во областите во кои што делувал во текот на НОВ (Тетово и Тетовско, Струга и Струшко и Прилеп и Прилепско) свои видувања изнесуваат Кирко Трпковски, Петар Аврамовски и Дукадин Камшикоски. Генералот Петар Пепељуговски ја истакнува дејноста на К. Ј. - Питу на воен план, како и неговото учество при донесувањето на најбитните одлуки од 1942 до неговото загинување. Во прилогот "Придонесот на Кузман Јосифовски - Питу за развојот на илегалниот печат" на Илија Беличанец се обработува придонесот на К. Ј. - Питу во покренувањето и уредувањето на илегалниот печат пред војната, а особено во текот на НОБ. Д-р

Јаким Синадиновски се осврнува на некои човечки и хумани вредности, постапки и мисли на Кузман во текот на НОБ, додека д-р Вера Весковиќ - Вангели ја истакнува илинденската традиција како “Кузманова внатрешна сила која ... од него создаде борец со висока етика за правата на човекот во нивната севкупност”.

Прашањето за загинувањето на Кузман Јосифовски - Питу е исто така предмет на кој некои од учесниците на научниот собир се обиделе да дадат одговор. Врз основа на исказите од полицискиот началник за Скопската област, инспекторот на службата “Државна сигурност” и началникот на специјалната полициска група “А” дадени пред истражниот суд во 1946 и 1948 година, како и врз основа на спомени од разни соработници на К. Ј. Галена Куцуловска прави обид да го расветли чинот на трагичното загинување на К. Ј. - Питу. Димитар Николовски во прилогот “Понови сознанија за загинувањето на Кузман Јосфивоски - Питу” го пренесува разговорот со припадникот на бугарската окупаторска полиција Цоњо Трпков, во Брисел 1975 г., во кој истиот тврдел дека лично го убил К. Ј. - Питу.

Оформувањето на Кузман како револуционер и идеолог на македонското ослободително движење и неговите ставови и погледи по однос на разрешувањето на македонското прашање и создавање на македонската држава се анализираат во повеќе прилози (акад. Манол Пандевски, Коле Чашуле, д-р Новица Вељановски, Ристе Бунтески -Бунте, Наум Димовски, д-р Растислав Терзиоски и Никола Вражалски). Во рефератот “Кузман Јосифовски - Питу и ослободителните движења на балканските народи 1942-1944”, д-р Миле Михајлов преку низа изворни документи, писма и прогласи, прави осврт на ставовите на К. Ј. - Питу по однос на соработката на НОД на балканските народи, гледајќи во тоа можност за создавање на македонска држава. Овој став го менува во август 1943 г., кога е критикуван и по директива на ЦК на КПЈ зазема нов став, т.е. за борба на македонскиот народ во рамките на НОД на Југославија.

Врз основа на објавени и необјавени мемоарски дела на Светозар Вукмановиќ-Темпо, Цветко Узуновски-Абаз, Страхил Гигов, Михаил Сматракалев и Илија Циривири во кои се зборува и за активностите на К. Ј. - Питу, се прилозите на д-р Виолета Ачкоска, Кице Јанкуловски, Душан Ристовски, д-р Васил Тоциновски и Киро Пунтески.

Голем број на сеќавања во кои се расветлуваат нови моменти од животот и дејноста на К. Ј. - Питу, во зборникот наоѓаме од негови другари, соработници и соборци и други: акад. Евгениј Димитров, Илија Милчин, Ристо Дуковски, Димче Аџи Митревски, Мице Димески, Ѓорѓи Чакарјаневски, Томо Буклевски, Борис Алексовски-Карче, Драга Вражалска, Атанас Тасевски, Ванчо Цветковски, Васил Гривчев и Јордан Михајловски.

Анализа на јазикот употребен во две писма на К. Ј. - Питу во кои се гледаат настојувањата на К. Ј. - Питу за создавање на македонски литературен јазик и за литературни творби од него и за него се зборува во прилозите на д-р Трајко Стаматовски, Доне Пановскии Петко Домазетовски.

Осврт на македонската историографија за делото на К. Ј. - Питу, библиографии и спомен - белези за него, се објавени во прилозите на Доне Илиевски, Цветан Беличански, Владимир Караџоски и Слободан Беличански.

Со излегувањето на зборникот "Кузман Јосифовски - Питу, време - живот - дело" македонската историографија добива уште еден значаен прилог во кој се прави обид да се откријат нови моменти, за идеологот на македонската револуција.

Симона ГЕРАСИМОВА

## Орде ИВАНОСКИ, ДИМО ХАЏИ ДИМОВ, ЖИВОТ И ДЕЛО
(Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1995, 190)

Во издание на Архивот на Македонија и Матица Македонска во 1995 година излезе од печат монографскиот труд на д-р Орде Иваноски за личноста и делото на Димо Хаџи Димов под наслов "Димо Хаџи Димов, живот и дело". Монографијата содржи 190 страници. Трудот содржи седум глави со вкупно 24 поднаслови кои како посебни тематски целини ги расветлуваат скоро сите најважни аспекти од неговиот живот и неговата социјалистичко-револуционерна активност и дело. Трудот на д-р Орде Иваноски е збогатен со Мисли на Димо Хаџи Димов, со некролот од 1924 година под наслов "Аџијата Димо Хаџи Димов", со 11 фотографии од неговто родно место, неговата фамилија и неговите содејци кои ја илустрираат тематската содржина.

Во Предговорот авторот ликот на Димо Хаџи Димов го лоцира во челните редови на македонските национални и интернационални мислечки и креативно ангажирани револуционери од крајот на XIX и триесеттите години на нашиот век.

Во првата глава "Општествено-политичката и економско-социјалната положба на Македонија на преминот од XIX и почетокот на XX век"